**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Приватна непрофитна високообразовна установа**
**Самостојна висока стручна школа**
**БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС**
**Битола**

# ПРАВИЛНИК

**за обезбедување на квалитет на Бизнис академија Смилевски – БАС Битола**

**Битола,2026 г.**

Врз основа на член 45, став 4 и член 77 од Законот за високо образование и член 160 од Статутот на БАС, Органот на основачи на Бизнис академија Смилевски – БАС, Органот на основачи на 25.02.2026 година, го донесува следниот

**ПРАВИЛНИК**

**за обезбедување на квалитет на Бизнис академија Смилевски – БАС Битола**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник за обезбедување на квалитет на Бизнис академија Смилевски (во понатамошниот текст: Академијата) се уредуваат стандардите и **постапките** за обезбедување на систем за квалитет во работењето на **Академијата**, како и составот, изборот и надлежностите на телата одговорни за обезбедување на квалитет.

**Член 2**

Со овој Правилник за обезбедување на квалитет на Бизнис академија Смилевски (во понатамошниот текст: Академијата) се уредуваат стандардите и постапките за воспоставување и обезбедување на ефикасен интерен систем за следење, оценување и постојано подобрување на квалитетот во работењето на Академијата, како и составот, изборот и надлежностите на телата одговорни за обезбедување на квалитет.

**Член 3**

Системот за обезбедување на квалитет подразбира воспоставување на стандарди, процедури и методи со цел унапредување на образовниот процес, постигнување на високо ниво на наставната, научно-истражувачката и административната дејност, како и поддршка на стручниот развој на наставниот кадар и студентите.

**Член 4**

Системот за обезбедување на квалитет се заснова на:

- Законот за високото образование на Република Северна Македонија;
- Статутот на Бизнис академија Смилевски – БАС Битола;
- Националните и меѓународните стандарди за обезбедување на квалитет во високото образование.

**Член 5**

Одговорни за обезбедување на квалитетот е целата академска заедница на БАС, органите и телата на Академијата, наставниот и административниот кадар, како и студентите, секој во рамките на своите надлежности, улоги и утврдени работни обврски.

***Член 6***

Академијата воспоставува јасна, транспарентна и јавно достапна политика за обезбедување на квалитет, усогласена со Европските стандарди и упатства за обезбедување квалитет (ESG).

Политиката за квалитет е составен дел од стратегиското управување со Академијата и е обврзувачка за целата академска заедница на БАС, за сите органи, тела, вработени и студенти.

Сите засегнати страни се информирани за ова со цел да се осигури дека сите одлуки се отворени, транспарентни и јасно поткрепени со релевантни информации, како и дека сите се вклучени во развојот на културата на квалитетот

## СИСТЕМ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

**Член 7**

Системот за обезбедување на квалитет во работењето се базира на Стратегијата за обезбедување квалитет на Академијата и се спроведува преку следење и примена на следните стандарди:

1. институционални политики за обезбедување на квалитет;
2. креирање, одобрување, следење и ревизија на студиските програми;
3. учење, настава и вреднување насочени кон студентот;
4. запишување, напредување и дипломирање на студентите, дипломи и сертификати;
5. наставен кадар и негов професионален развој;
6. ресурси за учење и поддршка на студентите;
7. управување со информации
8. информирање на јавноста и транспарентност;
9. меѓународна соработка и интернационализација.

**Член 8**

Системот за обезбедување на квалитет овозможува континуирано следење, оценување и унапредување на процесите во Академијата преку:

- редовно спроведување на самоевалуација и надворешна евалуација;

- анализа и интерпретација на резултатите од применетите мерки за обезбедување на квалитет;
- планирање и преземање активности за унапредување на наставата, услугите и управувањето.

**Член 9**

За следење на ефективноста на системот за обезбедување на квалитет, Академијата применува квалитативни и квантитативни индикатори (KPI), особено во однос на:

- успешноста, напредувањето и времетраењето на студирањето;
- задоволството на студентите и дипломираните студенти;
- квалитетот, компетентноста и континуираниот професионален развој на наставниот кадар;
- резултатите од самоевалуацијата и надворешната евалуација;
- вработливоста и професионалната реализација на дипломираните студенти.

**Член 10**

Основните принципи за обезбедување на квалитет вклучуваат:

- дефинирање на мисија и стратегија за обезбедување на квалитет
- утврдување на јасни и мерливи цели во согласност со стратегијата;
- континуирано следење и анализа на постигнатите резултати;
- планирање и преземање мерки за континуирано подобрување на квалитетот.

**Член 11**

Обезбедувањето на квалитетот во Академијата се остварува преку:

- усогласување на образовните активности со потребите на пазарот на трудот;
- примена и следење на добри национални и меѓународни практики во високото образование;
- континуирано унапредување на образовните, научно-истражувачките и административните процеси.

**Член 12**

Надлежно стручно тело за обезбедување и следење на квалитетот во Академијата е Советот за квалитет.

***Член 13***

Состав, услови и постапка за избор на членови на Советот за квалитет

(1) Советот за квалитет е составен од членови од редот на наставниот кадар на Академијата, еден студентски претставник и еден надворешен член, претставник на работодавците и/или други релевантни институции.

(2) За членови на Советот за квалитет од редот на наставниот кадар можат да бидат именувани професори, виши предавачи или предавачи кои се во работен однос во Академијата најмалку пет години, со активно учество во наставната и/или научно-истражувачката дејност и познавање на системите за обезбедување на квалитет во високото образование.

(3) Студентскиот претставник е редовен студент на Академијата и се предлага од страна на Студентското Собрание

(4) Надворешниот член е лице кое не е во работен однос со Академијата и поседува релевантно искуство во областа на високото образование, обезбедувањето на квалитет или евалуацијата на образовни институции. претставник на работодавците и/или други релевантни институции.

(5) Надворешниот член на Советот за квалитет, го предлагаат основачите на Академијата.

(6) Предлогот за членови од страна на Наставничкиот совет се утврдува со јавно гласање, освен ако со Статутот или со друг општ акт на Академијата не е поинаку уредено.

(7) Членовите на Советот за квалитет ги именува Органот на основачи на Академијата, со мандат од четири години.

(8) При изборот и именувањето на членовите се води сметка за стручната компетентност, етичкиот интегритет и непостоење судир на интереси.

(9) Членовите на Советот се сретнуваат најмалку два пати во текот на годината, а по потреба и почесто.

***Член 14***

Надлежности на Советот за квалитет:

- ја предлага, следи и периодично ја ревидира политиката и стратегијата за обезбедување на квалитет на Академијата, во согласност со Европските стандарди и упатства за обезбедување квалитет (ESG)  на Европската Асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA)
- го координира и го следи спроведувањето на системот за обезбедување на квалитет во наставната, научно-истражувачката и административната дејност преку следење и оценка на квалитетот на студиските програми; следење и оценка на квалитетот на наставниот, соработничкиот и административниот кадар; следење и оценка на работните процеси на Академијата, како и на стручната и административна служба;
- Го промовира, поттикнува и негува развојот на културата на квалитет на сите нивоа на Академијата;
- пружа соодветна поддршка за БАС за зачленување во домашни, европски и други меѓународни организации и тела и вклучување во европските процеси за унапредување на квалитетот;

- ги подготвува неопходните инструменти за собирање податоци/наоди/оценки во постапката за самоевалуација (прашалници, сетови табели, протоколи за интервјуа и сл.);
- ги разгледува и анализира извештаите од самоевалуацијата и надворешната евалуација и дава мислења и препораки до надлежните органи на Академијата;
- предлага конкретни мерки, активности и акциски планови за унапредување на квалитетот, со утврдување носители, рокови и индикатори за следење (KPI);
- го следи степенот на реализација на акциските планови за квалитет и редовно ги оценува постигнатите резултати;
- дава мислење за квалитетот и усогласеноста на студиските програми со националната рамка на квалификации, потребите на пазарот на трудот и стандардите за високото образование;
- учествува во подготовка и поддршка на постапките за надворешна евалуација, акредитација и ре-акредитација;
- ја следи примената на индикаторите за квалитет (KPI) и предлага нивно унапредување и прилагодување согласно развојните цели на Академијата;
- го поттикнува вклучувањето на студентите и надворешните чинители во процесите за обезбедување и унапредување на квалитетот;
- се грижи за транспарентноста и јавното информирање во областа на обезбедувањето на квалитет, преку објавување релевантни информации и извештаи на веб-страницата на Академијата;
- дава мислење и предлози во врска со интерните акти и процедури поврзани со обезбедувањето на квалитет;
- одржува постојан контакт со АКВО, со Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РСМ за потребите на процесите на самоевалуација и надворешна евалуација;
- врши и други работи од областа на обезбедување на квалитет, утврдени со овој Правилник, Статутот и другите општи акти на Академијата.

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА СИСТЕМОТ ЗА КВАЛИТЕТ

**Член 15**

Системот за обезбедување на квалитет на Академијата се спроведува преку јасно дефинирана организациска структура во која учествуваат:

- Советот за квалитет;
- Менаџерот за квалитет;
- назначени контакт-лица за квалитет од редот на наставниот и административниот кадар;
- студентските претставници.

Надлежностите и меѓусебната соработка на наведените субјекти се уредуваат со овој Правилник и со Стратегијата за обезбедување квалитет.

**Член 16**

(1) Академијата именува Менаџер за квалитет како стручно и координативно лице одговорно за функционирањето на интерниот систем за обезбедување на квалитет.

(2) Менаџерот за квалитет соработува со:

- Директорот
- Заменик-директорот;
- локациските координатори;
- менаџерот за развој;
- координаторите на студиските програми;
- деловниот секретар;
- претседателот на Студентското собрание;
- студентскиот правобранител (доколку е назначен);
- ИТ и веб администрацијата;
- Одборот за соработка со бизнис секторот.

(3) Менаџерот за квалитет:

- ги координира активностите за прибирање податоци и докази за квалитет;
- ги сумира, консолидира и анализира извештаите;
- подготвува документација за самоевалуација и надворешна евалуација
- го следи спроведувањето на корективни мерки.

**Член 17**

(1) За секој стандард за квалитет се назначуваат лица од наставниот и административниот кадар со конкретни задачи и одговорности.

(2) Нивните обврски вклучуваат:

- прибирање релевантни податоци и докази;
- подготовка на извештаи;
- соработка со Менаџерот за квалитет.

**Член 18**

Системот за обезбедување на квалитет се спроведува преку матрица која задолжително содржи:

1. активност
2. индикатор (KPI)
3. потребна документација/доказ
4. одговорно лице

5. динамика и рокови

Матрицата е составен дел на Стратегијата за обезбедување квалитет и оперативните планови на Академијата.

**Член 19**

(1) Академијата воспоставува транспарентен систем за поднесување и постапување по поплаки и жалби од студенти.

(2) Се назначува јавно достапно лице за поплаки и жалби, со објавени:

- име и презиме
- службена електронска адреса

на веб-страницата на Академијата.

(3) Постапката се уредува со посебна Политика или Процедура за поплаки и жалби, со образец за поднесување.

**Член 20**

Менаџерот за квалитет, во координација со Директорот, организира тематски, ДЕАН и други работилници за вработените со цел континуирано унапредување на знаењата и вештините поврзани со обезбедување на квалитет.

**Член 21**

(1) Менаџерот за квалитет и назначените контакт-лица поднесуваат извештај до Наставничкиот совет:

- на секои три месеци за реализирани активности и предлози за подобрување;
- на секои шест месеци за податоци, анализи и постигнати резултати.

(2) Извештаите служат како основа за корективни мерки и унапредување на квалитетот.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 22**

(1) Советот за квалитет ќе се формира во рок од 30 дена од денот на стапување во сила на овој Правилник.
(2) Доколку Советот за квалитет е веќе формиран, неговиот состав и начин на работа ќе се усогласат со одредбите на овој Правилник во рок од 30 дена од денот на стапување во сила.

**Член 23**

(1) Со денот на стапување во сила на овој Правилник, престануваат да важат одредбите од претходните интерни акти кои се спротивни на неговите одредби.
(2) Останатите интерни акти од областа на обезбедување на квалитет се применуваат доколку не се во спротивност со овој Правилник.

**Член 24**

Толкување на одредбите од овој Правилник дава Советот за квалитет, во согласност со Статутот и важечката законска регулатива.

**Член 25**

Постапките за самоевалуација и надворешна евалуација на Академијата се спроведуваат во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, донесен од Агенцијата за квалитет во високото образование, како и со важечките законски и подзаконски акти.

**Член 26**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Орган на основачи**

Цветко Смилевски с.р

Цена Смилевска

Горазд Смилевски